Врз основа на член 10, 18 и 104 од Законот за здруженија на граѓани и фондации и (Службен весник на РМ бр.52 од 16 април 2010 година) и врз основа на член 27,55,56 и 57 од Статутот на Невладината организација „КХАМ“ од Делчево, Собранието на Невладината организација „КХАМ“ од Делчево (НВО „КХАМ“-Делчево) на седницата одржана на 05.02.2011год. година донесе одлука (д.бр. 0101-9 од 16.02.2011 год.), за измени и дополнување на Статутот на организацијата

# *С Т А Т У Т прочистен текст*
# *на Здружението НВО„КХАМ“ од Делчево*

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружението на граѓани НВО „КХАМ“од Делчево е невладина, непартиска и непрофитабилна организација, формирана со слободно здружување на граѓаните, заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања, како и заради вршење на дејности и активности за подигање на образовното ниво и подобрување на социоекономската состојба на маргинализирните групи, промоција и развој на граѓанско општество и демократија.

### Член 2

Граѓаните се здружуваат во Здружението НВО „КХАМ“од Делчево, заради остварување на поширок општествен интерес, преку што се задоволуваат потребите од стручна, и друга помош насочена кон развојот на демократијата и граѓанското општество пред се во источниот регион и пошироко во Р. Македонија.
НВО „КХАМ“ од Делчево продолжува со пристапот кон реализирање на визијата, мисијата како и на стратешките цели и задачи на Хуманитарното и добротворно здружение на ромите „КХАМ“ и преставува негово продолжение.

### Член 3

НВО „КХАМ“од Делчево, како здружение на граѓани - своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

### Член 4

Називот на здружението на граѓани е Невладина организација „КХАМ“ од Делчево (Во натамошниот текст НВО „КХАМ“- Делчево).
Англискиот назив на здружението е : Non goverment organisation “ KHAM” –Delcevo.

### Член 5

Седиштетот на НВО „КХАМ“- Делчево е во Делчево.
НВО „КХАМ“- Делчево се организира и делува на подрачјето на општина Делчево и пошироко во територијата на Р. Македонија со посебен акцент на Иточниот регион во државата.

**Член 6**

Основачи на НВО „КХАМ' од Делчево се:

1.Шериф Ибраимов
2.Есма Мустафова
3.Ѓесари Деморов
4.Абдуш Ибраимов
5.Зера Абдулова
6.Демир Јашаров
7. Аксел Ахмедовски
8.Фирдес Зенулова
9.Зенил Ибраимов
10. Зекир Абдулов
11.Шазија Мемедова

**Член 7**

НВО „КХАМ"од Делчево е правно лице.

НВО „КХАМ"од Делчево има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Невладина организација „КХАМ"-Делчево, англискиот назив на организацијата

Non goverment organisation " KHAM" –Delcevo

Штембилот на НВО „КХАМ" од Делчево е правоаголен со следниот текст: Невладина организција КХАМ од Делчево, број, дата и место.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

### Генерална политика и стратегија

**Член 7**

Граѓаните се здружени во НВО „КХАМ"од Делчево заради остварување на поширок заеднички интерес при што визијата, мисијата, како и општите и посебни цели и задачи се утврдени со посебни документи за генерална политика и стратегија на организацијата.

### Визија

**Член 8**

НВО „КХАМ" од Делчево е активен чинител кој придонесува околу развојот на граѓанското општество и демократија како и институционалениот пристап и интеграција на ромската популација и останатите маргинализирани групи во сите свери на општественото живеење

### Мисија

**Член 9**

НВО „КХАМ" од Делчево е невладна, непартиска и непрофитабилна организација формирана со слободно здужување на група граѓани заради подигање на образовното ниво и подобрување на социо економската положба на маргинализираните групи како и јакнење на кпацитетите на НВОии во Источно Брегалничкиот регион.

### Цели (долгорочни и краткорочни)

### Долгорочни цели

**Член 10**

1.Искористување на сите можности и потенцијали на организацијата како и развивање на форми за лобирање и застапување за развој на демократија, граѓанско општество и човековите права,

2. Операционализаија и институционализација на локалните и националните Акциони планови од Декадата на ромите 2005-2015 год.,

3. Социјална кохезија и намлување на сиромаштијата,

4.Развој и унапредување на добротворставото и волонтерството,

. 5.Подобрување на имиџот и развивае на позитивна слика за Невладиниот сектор во државата,

6.Кроссекторска и меѓугранична соработка како и подршка на евроинтеграциските прцеси.

**Краткорочни цели**

**Член 11**

1.Финансиска одржливост на НВО „КХАМ"- Делчево преку диверзификацијата на изворите на финасирање пред се преку економски активности (проиводство и услуги) со непрофитна цел.

2.Институционално зајакнување на НВО „КХАМ"- Делчево и задржување на лидерскиот примат преку дополнителни обуки и професионализациа на својот персонал и членство како и преку јасна секторска дефинираност на областите на делување (младински, женски сектор...).

3. Зштита на правата и давање на бесплатна права помош на маргинализираните групи и семејства со повекекратна ранливост.

4. Потикнување и унапредување на образовното ниво кај ромската популација пред се кај младите и подигање на свеста кај ромските семејства за значењето и потребата од образование.

5. Намалување на невработеноста кај социјално ранливите групи (Роми) преку користување на различни програни за квалификација, преквалификација и доквалификација.

6. Анимирање на јавноста во проактивно учество и директна соработка при креирањето на јавната политика и подигањето на јавната свест како и следење на органите на ЕЛС и останатите институции при давањето на услуги и отчетност.

7. Заштита и унапредување на јазичните, културните и етнички карактеристики и вредности на Ромите преку организирање на културни манифестации и настани.

**Целна група**

**Член 12**

Целна група на НВО „КХАМ"- Делчево се граѓаните (лугето) без разлика на нивната припаност и определенест, НВОии, институциите.
НВО „КХАМ"- Делчево посебно ке се насочи кон маргинализираните групи и групите во понеповолна општествена положба.

**ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 13**

Член во НВО „КХАМ"- Делчево, може да биде секој граѓанин – државјанин на Република Македонија и лица со станско државјанство, овластен преставник на

Здужение на граѓани, Фондации и други правни лица во својство на колективен член кои доброволно ќе пристапат кон Здружението со давање на писмена изјава. Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница, односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во здружението, задолжително се враќа.
НВО „КХАМ"- Делчево за своите членови води регистер на членството, кој се ажурира еднаш годишно.
Другите прашања за зачленување на индивидуалните и колективните членови, како и висината на членарината се регулирани со правилникот на НВО „КХАМ"- Делчево.
Член од Собранието на здружението може да биде член во органите на управување (Управен одбор) или органите на надзор (Надзорна комисија) доколку го стави во мирување своето членство во собранието се до мандатот на членување во наведените органи и тела.

**Член 14**

Права и обврски на секој член на Зуржението се:
- да предлага донесување одлуки и рамноправно да учествува во одлучувањето;
- да бира и да биде биран во органите на НВО „КХАМ" - Делчево
- редовно да плаќа чланарина;
- да присуствува на состаноците;
- даземе конкретно учество во спроведувањето на програмата и активностите на Здружението.
-да придонесува во развојот и популарноста на Здружението.

**Член 15**

Исклучувањето од членство во здружението се остварува во следните случаи:
- кога член на НВО „КХАМ" – Делчево делува спротивно на законските одредби и одредбите од овој Статут и другите акти кои важат за организацијата (деловник, правилник, кодекс...),
- кога член на НВО „КХАМ" – Делчево не ја споделува мисијата на НВО „КХАМ" - Делчево и делува спротивно на неа,
- кога ќе се постигне взаемна согласност дека членувањето во НВО „КХАМ" – Делчево не е целисходно,

Секој член може доброволно да истапи од здружението.
Исклучувањето или престанокот се врши со одлука на Собрание.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДУЖЕНИЕТО

**член 16**

Здружението НВО„КХАМ" од Делчево го претставува и застапува претседателот на Собранието (кој воедно е и претседател на УО) и Извршниот директор при што нивните ингеренции на делување и преставување се определени во деловникот за работа на УО и деловникот за работа на Извршната канцеларија.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 17**

Работата на НВО „КХАМ"-Делчево е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други здруженија/НВОи и на поширокатa јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиското работење и друго.
За информирање на членовите и пошироката јавност се користи директна комуникација со печатот, радиото, телевизијата, компјутерските технолгии, како и билтени и други публикации на НВО „КХАМ“-Делчево.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА НВО„КХАМ“-Делчево**

**Член 18**

НВО „КХАМ“од Делчево средствата за финасирање ги стекнува од чланарина, донации, грантови, Буџет на Р.М, основачки влогови, доброволни прилози и подароци (во пари, добра, имотни права) економски активности и дејности со кои се стекнува добивка, кирии и закупнини, како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми, и други приходи во согласност со закон и со статут.

**Член 19**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**Член 20**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранувањее на незаконитостите.

**Член 21**

НВО „КХАМ“од Делчево донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.
Финансисикиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 18 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работа на Здужението и други расходи сврзани со работата.

**УПРАВУВАЊЕ СО НВО „КХАМ“од Делчево**

**Член 22**

Со НВО „КХАМ“од Делчево управува организаирано членство на Здружението непосредно или преку свои претставници во органите.

**ОРГАНИ НА НВО „КХАМ“-Делчево**

**Член 23**

Органи на НВО „КХАМ“од Делчево се:
1. Органи на одлучување
   - Собрание
   - Совет
2. Органи на општо управување и надзор
   - Управен одбор

- Комисија за надзор

3. Извршен орган
   - Извршна канцеларија

**СОБРАНИЕ**

**Член 24**

Собранието на НВО „КХАМ“од Делчево е највисок орган и го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието работи на седници и се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 25**

Седници на Собранието свикува претседателот кој претседава со работата на Собранието а во негово отсуство се избира замена од страна на присутните на седница на Собрание.

Вонредна седници на Собранието се свикува и по предлог на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието а се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

Начинот на свикување на седниците и работата на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 26**

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 27**

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот, програмата и други акти на НВО „КХАМ“од Делчево и усвојува измени и дополнувања на истите;
- ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор;
- усвојува програмска ориентација за работа на Здруженито за период од 4 години, операционализирано во среднорочниот план и годишната програма;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија;
- го разгледува и усвојува извештајот за материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- одлучува за престанок на работата на Здружението со двотретинско монозинство на гласови од сите членови на сите членови на дужението.

**СОВЕТ**

**Член 28**

Советот на НВО „КХАМ“ – Делчево е управен орган кој ги поставува основните правци на делување и организирање на здружението и го сочинуваат основачите на организацијата (11 члена).

**Член 29**

Се состанува најмалку двапати во една година по иницијтаива на Претседавачот на Собранието или 1/3 од вкупниот број членови на Советот.

**Член 30**

Начинот на свикување на седниците и работата на Советот е ргулирана со посебен деловник.

**Челен 31**

Советот полноважно одлучува ако се присутни повеќе две третини од вкупниот број членови.

Советот по правило одлуките ги донесува со двотретинско мнозинство на гласови од оприсутните членови.

**Член 32**

Надлежност на Советот се:

- дава предлози избор и разрешување на членови на Здружението
- одлучува за промената на целите, стратешките определби и името на здружението, за внатрешната организација, статусната измена и организациона форма на здружението;
- дава предлог до Собранието за престанок со работа на здужението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението.
- ја следи и оценува работата на Управниот одбор.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Член 33**

Управниот Одбор (во понатамошен текст УО) на НВО „КХАМ“од Делчево брои од 5 до 7 членови.

Членови на УО треба да бидат луѓе со кредибилитет и авторитет во НВО секторот и во општеството, избрани од областите кои ги рефлектираат програмските интереси на НВО „КХАМ“од Делчево, т.е. лидери на граѓанското општество, од обласга на развојот, стопанството и науката.

**Член 34**

Членовите на УО ги избира Собранието со мнозинството од бројот на членови кои гласале, но не помалку од една половина од вкупниот број членови на Собранието.

Изборите за членови на УО ги распишува Претседателот на Управниот одбор, два месеца пред истекот на периодот за кој е избран постоечкиот УО.

Доколку не се изберат онолку членови колку што брои УО, постапката за избор на непополнетите места во УО се повторува во рок од еден месец.

**Член 35**

Мандатот на член на УО трае две (2) години и ќе остане член се додека не се назначи нов член на УО, односно до оставка, смрт или додека не е разрешен од своите должности.

Со цел да се зачува организациската историја на почетокот половина од членовите на УО ќе останат на должност дополнителни две (2) години.

**Член 36**

Управниот одбор избира подпретседател со мандат од 2 години.

УО може да формира комисии како што ќе одлучи дека е потребно за да му помогнат на УО во спроведувањето на одговорностите.

Комисиите на УО немаат авторитет или моќ да делуваат во името на УО. Заклучоците или препораките ќе ги презентираат пред УО на разгледување.

**Член 37**

Претседателот на УО истовремено е и претседател на Собранието на НВО „КХАМ“од Делчево и тој го претставува и застапува Здружението.
Мандатот на престедателот на УО е две години со право на реизбор за уште еден манадат.

**Член 38**

Задачите на претседателот на УО се да:
- претседава со сите состаноци на УО;
- повикува итни и вонредни состаноци на УО врз основа на Деловникот и по предлог на Надзорната комиија;
- се консултира со Извршниот директор за програмата на состаноците на УО ;
- ги назначува сите комисии, ако поинаку не е нагласено од УО ;
- го има правото, како и другите членови, да нуди решенија, разговара околу прашања и гласа по нив;
- потпишува официјални документи за кои е потребен потпис;
- комуницира со поединечните членови на УО околу нивните одговорности;
- учествува во процесот на ориентација на новите членови на УО;
- обезбедува работата на УО да е во согласност со правилата за едукација на УО , самооценување и оценување на Извршниот директор.

**Член 39**

Задачите на потпретседателот на УО се да:
- претседава со состаноците на УО во отсуство на претседателот;
- повикува вонредни состаноци на УО во отсуство на претседателот;
- повикува вонредни состаноци на УО по барање на двајца или повеќе членови;
- потврдува извештаи и документи на кои е потребен потписот на претседателот;
- потпишува официјални документи во отсуство на претседателот.

**Член 40**

Во надлежност на УО е следното:
- обезбедува спроведување на статутарните и програмските задачи на НВО „КХАМ“од Делчево, како и одлуките и заклучоците на Собранието:
- донесува среднорочен план, годишна програма и план за работа, на предлог на извршната канцеларија;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- одобрува спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на извршната канцеларија на НВО „КХАМ“од Делчево;
- задачи извршната канцеларија на НВО „КХАМ“од Делчево;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- основа трговски друштва и други правни субјекти;
- именува, врши оценка и поддршка на Извршниот директор;
- превзема активности за изнаоѓање на финансиски средства со цел да се исполни мисијата;
- ја претставува и промовира организацијта во пошироката јавност;
- решава за формирање на ограноци на Здружението;

- носи одлуки за формирање на други тела во рамките на Здружението.
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот;

**Член 41**

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Советот и Собранието на Здружението.

Управниот одбор се состанува минимум четири пати во годината.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот на УО.

Со седницата раководи и претседава претседателот, а во негово отсуство подпретседателот.

Извршниот директор учествува во работата на УО без право на глас.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа.

**Член 42**

Членовите на УО можат да бидат ослободени од одговорностите, по нивно барање пред истекот на нивниот мандат со гласање на состанок на УО.

Член на УО може да бидат разрешени пред истекот на својот мандат со гласање на УО само во случај кога:
- членот не е активен и не ги реализира своите задолженија во период подолг од 9 месеци
- не се придржува на одредбите за конфликт на интерес дефинирани во Правлникот за работа на УО.

Во случај на смрт, оставка, или отказ на член на УО, УО има право да покани нов член да служи во текот на преостанатото време.

**Член 43**

УО донесува одлуки со мнозинство од гласовите на присутните членови на УО . Кворум на УО сочинуваат три од вкупно пет члена односно пет од вкупно седум члена.

УО ќе одобри посебен правилник за дејствување и за процесот на донесување на одлуки.

**НАДЗОРНА КОМИСИЈА**

**Чен 44**

Надзорната комисија (во натамошен текст НК) е надзорен орган формиран по предлог на УО заради следење на работата Собранието, Советот и Извршната канцеларија.

**Чен 45**

Надзорната комисија е составена од 3 независни членови од кои имаат високо познавање во работата на невладиниот сектор, примената на правото и останатите законски одредби кои ја регулираат работата на граѓанските здруженија а посебно да ја познават рботата на НВО„КХАМ“- Делчево.

Членовите на НК неможат да бидат членови во други органи и тела на НВО „КХАМ“- Делчево

**Чен 46**

Работата на НК е  во сотавот на УО за време на официјалните на сеедници кои се одржуваат на секој трет месец односно четири пати во една година.

**Член 47**

Надлежности на НК:
-НК учествуват во работата на УО и Собранието.
-Членовите на НК даваат предлози и мислење околу работата на органите од став 1 на овој член но немаат право на глас.
-НК ги следи и анализира системите на внатрешна контрола на органите на одлучување, управување и извршување.
- Во случај на серионзи прекрушувања на закониите кои ја регулират работата на Здруженијата на граѓани и Статутот на НВО „КХАМ"-Делчево свикува вонредна седниц на УО на која е разгледува новонастаната ситуација.

**Член 48**

Работата на НК е регулирана со посебен деловник а членовите за своето работење одговраат пред оргнот кој ги формира (УО).

## 3. ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

**Член 49**

Здружението формира Извршна канцеларија, која ги извршува должностите и задачите содржани во задачите на Здружението.

Организацијата и работата на извршната канцаларија се уредува со акти, што ги донесува Управниот одбор.

**Член 50**

Извршната канцеларија ги врши раководните, како и стручните и административните работи, односно ги води дневните работи, ги сервисира органите на НВО „КХАМ"од Делчево и ја администрира политиката и програмите одобрени од нив.

Извршната канцеларија:
- подготвува седници на Собранието и на Управниот одбор на НВО „КХАМ"од Делчево;
- ги раководи и ги координира сите планирани активности, во рамките утврдени со годишниот план за работа и со финансискиот план;
- подготвува стратешки, среднорочни и годишни програми и планови за работа и финансиски планови;
- раководи со финансиските средства, мобилизира нови фондови, преговара и склучува договори со донатори и со други финансиери;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- поднесува извештаи за работата и финансиски извештаи;
- идентификува нови корисници, врши оценка на пријавите за финансиска поддршка, подготвува документација и се грижи за спроведувањето на програмските активности, врши нивно набљудување и оценување;
- одржува контакти со други организаии и институции во остварувањето на програмските цели.
- одржува односи со јавноста.

**Член 51**

Извршната канцеларија ја сочинуваат Извршен директор и потребниот број на персонал. Со извршната канцаларија раководи извршен директор, во својство на главен административен службеник.
Извршниот директор е именуван и за својата работа одговара пред Управниот одбор.
Извршниот директор избира персонал на начин утврден со правилникот за работа.

Правата и одговорностите на Извшниот директор и персоналот се утврдени во правилникот за работа**.**

**Член 52**

Персоналот на НВО „КХАМ"од Делчево не можат да бидат назначени или избрани за членови на УО освен ако не дадат оставка од функцијата на вработен.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО НВО КХАМ- Делчево

**Член 53**

Здружението НВО „КХАМ"од Делчево ќе престане со работа ако:
- затоа одлучат членовите на Здружението,
- ако е поминато двојно повеке време од времето предвидено за оддржување на седница на Собранието на здружението, а таа не е одржана

Ако во две последователни години нее поднесена завршна сметка во согласност со законот
- статусна измена која предвидува престанок на постоењето
- донесена одлука од надлежен суд
- стечај и спроведена ликвидација
- ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање,
- ако настапат причини утвредни по член 52 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 54**

По престанок на работата на Здружението, Управниот одбор две недели по одлуката за престанок на работата ќе даде препорака на кое Здружение со слична дејност ќе преминат во сопственост имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските.

## VIII. АКТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 55**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 56**

Здружението донесува Статут, правилници, деловници, одлуки, решенија и други акти.

Со правилници и одлуки се регулираат прашања за кои со закон или овој Статут е предвидено да се регулираат со општи акти.

**Член 57**

Собранието го донесува, изменува и дополнува Статутот.
Предлог за измени и дополнувања на Статутот може да поднесат најмалку 1/3 од вкупниот број начленови нна Собранието со право на глас.

Предлогот го разгледува Управниот одбор и заедно со своето мислење го доставува до сите членови на Собранието, петнаесет дена пред одржување на седница на Собранието.

Собранието го донесува Статутот со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови, со право на глас.

**Член 58**

Измените и дополненијата на Статутот се донесуваат согласно на одредбите од чл. 27 и 47 од овој Статут.

Статутарните измени и дополненија стапуваат на сила веднаш по нивното усвојување.

**Член 59**

Општите акти на Здружението ги потпишува претседателот на Управниот одбор, извршниот директор или за тоа овластено лице.

## IX.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 60**

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето.

**Член 61**

Со донесувањето на овој Статут престанува да важи Статутот од декември 2008 год.

**Претседател на Управниот Одбор**
**на НВО „КХАМ“од Делчево**